Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ

# ПРИЛОГ КОН МАКЕДОНСКО—АЛБАНСКИТЕ ВРСКИ ВО МИНАТОТО*

ВО ТЕКОТ на вековите Македонците и Албанците имаа свој специфичен и автохтон историски развиток. Оваа нивна карактеристична своевидност создаде нужни и неопходни елементи за изнајдување на поволните и благопријатните патишта на заемноста. Тоа особено се изрази во мошне позитивните настојувања да се презентираат предимно прогресивните начела во заедничката револуционерна борба за слобода.

Низ столетијата заедничките форми на револуционерната борба поминаа низ многу Сцили и Харибди, низ мноштво историски потфати. Во нив се вовлекоа многубројни заеднички форми и меѓусебни сродни интереси. Тие позитивни и вонредно-значајни видови на соработката придонесоа борбата за слобода да добие разнострани и плодоносни резултати. Сите тие различно и нееднакво имаа свое адекватно место во развитокот на општествените формации.

## I.

ТЕКОТ И ДИМЕНЗИЈАТА на македонско-албанските врски стриктно зависела од поставеноста во историскиот развиток на Македонија и Албанија. Првите заемни допири треба да ги бараме длабоко во античноста. Според досегашните познавања можно е да се потврдат почетоците на односите во времето на древната македонска држава на Александар Македонски[1], и во периодот на римското владеење на Македонија и Албанија. И обете земји, наоѓајќи се уште тогаш на магистралните крстопати[2], добиле големо значење не само во меѓународниот сообраќај, туку и во меѓународните односи.

---

* Дел од овој прилог Авторот го одржа во вид на предавање на Филозофскиот факултет во Тирана, во јуни 1980 г.

[1] Види: O. Abel, Makedonien vor König Philipp. Leipzig 1847; O. Müller, Über die Makedonier., (Schlöser, Weltgeschichte, 290); Hahn, Albanesische Studien. Wien, 360; J. Slišković, Albanija i Macedonija. Sarajevo 1904, 85—144; Историја на македонскиот народ. Т. II. Скопје 1969, 33—48.

[2] А. М. Селищев, Славянское население в Албании. София 1931, 49.

Нов момент во поставувањето на разновидноста од заемните односи настанува во епохата на словенската колонизација на Балканскиот Полуостров. Тоа е времето кога се создаваат евидентно значајни народносни обопштувања и со тоа ги обусловуваат почетните влијанија на општествено-политичкото, економското и просветното-културното рамниште. Процесот на миграционите движења и заемните преплетувања претставува суштествен фактор не само во периодот на раниот и доцниот развиен феудализам, туку се создаваат и рефлекси за натамошните столетија[3].

Од создавањето на македонските Склавинии па сè до Самуиловото царство заемните македонско-албански односи зависеле од повеќе фактори. Тие биле присутни во меѓусебните допири. Така, во Склавинијата, што опфаќала и делови на јужна Албанија и Македонија, се создал центар на македонско-словенската просвета и култура. Поконкретно во областите на Девол и Охрид работеле македонско-словенските просветители Климент и Наум. Нивниот придонес е особено значаен за развитокот на македонската просвета и култура. Од друга страна, овој извонредно значаен потфат во средновековната историја на мадонскиот народ, се одразил и врз споредбените македонско-албански врски. Всушност, посуштествено тоа се одразува врз меѓусебните заеднички влијанија и односи[4].

Значаен пункт во меѓусебните односи и врски настанува во епохата на владеењето на Самуил, во чие што царство влегува и Албанија (особено областите: Леш, Драч, Скадар)[5]. Тоа поконкретно и делумно е врзано со господството на самостојниот господар, кнезот Јован Владимир[6] и во потчинетоста на албанските епархии под Самуиловата архиепископија[7].

Овие односи станале карактеристични и за време на владеењето на наследниците на Самуил до и по потпаѓањето на неговото царство под Византијците. Особено тоа наоѓа израз во проширувањето на востанието под раководството на Петар Делјан во 1040—1041 година и во албанските предели. Тоа е поврзано со востанието во Драчката област под раководството на Тихомир. Во востанијата дошла до израз

[3] Види: Тъпкова-Заимова, Нашествия и ентнически промени на Балканите през VI—VII вв. София 1966, 76—78, 82; А. М. Селищев, Ор. cit., III, Ив. Снегаров, Един важен български документ от Корчанско.—Макпр. IX/1 (1933), 1; Али Хадри, Преглед на албанското ослободително движење во епохата на Ѓерѓ Кастриоти Скендербег (1443—1468). Скопје 1968 19—20; (Истиот, Историја албанског народа. Приштина 1972). Т. Томовски, Прилог кон топографијата на Климентовата епархија. — Историја XVI/1 (1980), 151.

[4] Види: Ив. Снегаров, Един., 1; А. М. Селицев, Ор- cit., 62; Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия Т. I. София 1924, 167—168; Али Хадри, Преглед 20; M. Šufflay, Srbi i Arbanasi. Beograd 1925, 23—24, 109; П. Јанура, Значајот на делото на Ѓорѓи Пулевски — како претходник во културната преродба на албанскиот народ. — I Научен собир. Гостивар 1971, 170.

[5] А. М. Селищев, Ор. cit. 63; Али Хадри, Преглед, 21; С. Антољак, Самуиловата држава. Скопје 1969, 38—41, 51—53.

[6] Н. Маренин, Албания и Албанците. София 1902, 43.

[7] Ив. Снегаров, История I, 23.

заедничката борба на македонскиот и на албанскиот народ против византиското ропство[9]. Во истовреме, и натаму Охридската архиепископија држи некои албански диоцези, без Драч. Исто така Охрид станува духовен центар не само за македонскиот, туку и за албанскиот народ[8]. Непосредни одгласи се рефлектираат и во време на востанието на Ѓорѓи Војтех во 1072/1073 година[10].

Во натамошните векови, посебно во последните децении на XI, потоа во XII, во XIII век и натаму. албанскиот и македонскиот народ доживуваат скоро истоветна историска судбина[11]. Образложението на тие односи можно е да се презентира преку неколку потфати. Имено, Драговичката богомислска црква во втората половина на XII век го шири своето влијание не само во Македонија, туку и во Албанија[12]. Во првата деценија на XIII век (кон 1210—1211, 1214) самостојниот феудален господар на Просек Стрез се борел против Латините во Македонија и Албанија и Тесалија[13]. Борбата против странските завојувачи во Македонија и Албанија продолжува и по неговато смрт (околу 1215 г.)[14], добивајќи нови форми на отпорот. Тоа е и времето кога Охридската архиепископија и натаму ја проширува јурисдикцијата над албанските епархии. Тогаш и се водела поразвиена преписка помеѓу албанските архонти и охридските духовни лица[15].

Историските преплети помеѓу двата народа се надоврзуваат и во време на крстоносните навлегувања во обете земји (1096—1270) и во периодот на утврдувањето на анжујската власт во Албанија во втората половина на XIII век[16]. Во истовреме, тоа има непосреден одраз и во црковен поглед врз Охрид, поспецијално во првите децениии на XIV век[67]. Таа истоветност не се изменува ни за време ни по владеењето на Душан (1331—1355) во Македонија и дел на Албанија[18]. Карактеристично што е сè уште Охридската архиепископија го одржува своето црквено влијание во Албанија[19], и што веќе, во седумдесеттите и в осумдесеттите години од XIV век албанските феудални првенци, жупани, владетели и благородници го распространуваат своето владеење над дел од македонските предели. Некои од нив се и охридски господари (Андреа Гропа, Карло Топија и други), оставајќи значителни траги во богатата ис-

[8] Види: Н. П. Благоев, Делян и неговото въстание в Моравско и Македония против Византия. — Макпр. IV/2 (1928), 10—12; А. М. Селищев, Op. cit. 63; Али Хадри, Преглед, 21.

[9] Ив. Снегаров, История I, 163—165.

[10] Али Хадри, Преглед, 23.

[11] А. М. Селищев, Op. ctt., 64—65.

[12] Ив. Снегаров, История I, 234—235.

[13] К. Јиречек, Историја Срба I. Београд 1952, 166—167; Ив. Снегаров, История I. 98.

[14] Ив. Снегаров, История I, 100—101.

[15] Ibidem, 98—99; M. Šufflay, Op. cit., 94—95; K. Jireček, Albanien in der Vergangenheit. — Illyrish—Albanische Forschungen I. München und Leipz.g 1916, 72—73.

[16] M. Šufflay, Op. ctt., А. М. Селищев, Op. cit., 65.

[17] Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија во XIV век. — Историја 1 (1980), стр. 157—178.

[18] А. М. Селищев, Op. ctt., 65; Из историје Албанаца. Београд 1969, 33—44.

[19] Ив. Снегаров, История I, 316, 329; Ц. Грозданов, Op. ctt., 157—159.

торија на древниот Охрид[20]. Меѓутоа, османското навлегување на Балканскиот Полуостров, дефинитивното заземање на Македонија во последните децении на XIV и на Албанија во првите децении на XV век[21], претставува нов пресврт во историјата на македонскиот и на албанскиот народ. Тоа суштествено се одразува и врз раздвиженоста и интензитетот на нивните натамошни меѓусебни интереси, влијанија и допири.

## II.

СО ОСМАНСКОТО ЗАВОЈУВАЊЕ на Македонија, Албанија и на другите балкански земји, народниот отпор не престанал. Тој добил нови форми и видици. Особено, тие ослободителни стремежи наишле еклатантен израз во време на епохата на Скендербеј, кога ослободителното движење на албанскиот народ достигнало највисок степен. Тој ослободителен устрем не ја зафатил само Албанија, туку се проширил и во Македонија.

Големото дело на Ѓерѓ Кастриоти Скендербеј, кој своето второ име го носеше по името на Александар Македонски, е мошне опстојно и нашироко познато и разработено во албанската, балканската и во светската историографска и друга литература[22].

[20] Ц. Грозданов, Op. ctt. 160—180; A. Gegai, L'Albanie ет l'nvasion Turque au XVe sieclé. Paris 1937, 20—30; F. S. Noli, Historia e Skënderbeut. Beograd 1967, 15 Види исто: Dokumente të periudhës bizantine për historinë e Shqipërisë' (Për. U. Bohzori) Tiranë 1978, 132 (Период VI—XV в.); Д. Размоска, Средновековна остава откриена во Охрид. — Историја XVI/1 (1980), 222.

[21] M. Šufflay, Op. ctt., 48—50; A. M. Селищев, Op. ctt., 67; Historia e Populit Shqiptar I. Tiranë 1967, 220—248; Историја на македонскиот народ I, 195—196.

[22] Види: Mar.n Bar.etti, Historia e jetës dhe e vepravet të Skënderbeut., (Prishtine 1967 (Посебно издание: Тирана 1964, 507); A. Brief Account of the Life and Character of George Castriot, King of Epirus and Albania, Commonly called Scanderbeg London 1735, 38; V. Makouchew, Monuments Historiques des Slaves Méridionaux Belgrade 1882, 29—30, 133—155; J. Радонић, Западна Европа и Балкански народи према Турцима у првој половини XV века. У Новом Саду 1905, 249—297; M. Д. Балабанов Борба за отчество и вера или Скендер-бей, албанский герой (1444—1467). — ПСП XLIX—L, 7—8, 12—14; M. Šufflay, Op. cit., 133—134; K. Јиречек, Историја Срба I 368—374; Историја народа Југославије. T. I. Београд 1953, 465; A. Буда, Борьба албанского народа под водительством Скандербега против турецких завоевателей Повесть о Скандербеге. Москва — Ленинград, AH CCCP 195; Ali Hadri, Prtlog rasvetljavanju Skenderbegove epohe. — Albanološka istraživanja I (1962); K. Frasheri Georges Kastriote Skanderbej-héros national des Albanais. Tirana 1962; F. S. Noli Historia., 24—35, 40—69; A. Buda, Georges Kastriote—Skenderbeg et son epoque. — Studia Albanica IV/2 (1967), 3—29; Historia e Popullit Shqiptar., I, 249—308, 461—473 И. Г. Сенкевич, Георгий Скендербег-раководтель освободительной борьбы албанского народа в XV в. — Вопросы истории 3 (1968), 73—80; Simpoziumi per Skenderbeum Simposijum o Skenderbegu. Prishtine 1969; Ю. В. Иванова, Северная Албания в XIX и начале XX в. Москва 1973, 9, 16, 17, 57, Луан Старова, Европски литературни обраќања кон Балканот (I). — Разгледи XX/10 (1978), 53—54; Истиот, Релации. Скопје 1980, 34—48; Албания в българската литература, 1878—1978. Анотирана библиография. София, БАН 1969, 134 (Редакција: Б. Соколова, Л. Шанданова); (Види: G. T Petrovitch, Scanderbeg (Georges Castriota). Essai de bibliographie raissonnée. Paris 1881, 187). Потребно е да се истакне дека во дел од албанската историографија ликот и делото на Скендербеј се мошне глорификувани.

Ослободителното движење на Скендербеј нашироко се одразило во Македонија. Уште, Марин Барлети, првиот, најголемиот и најпознатиот биограф на Скендербеј, кој низ европските простори ја разнесе големата слава и легендата за епопејата на големиот албански син, изнесе ценети, стојносни и мноштво податоци за овој апспект од Скендербејовата биографија[23].

Неколку етапи од животописот на Скендербеј се врзани и со Македонија. Нивните основи биле поставени уште пред почетокот на неговото востание против османскиот феудален господарски систем. Во времето од 1440—1443 година тој управува со еден дел од западна Македонија. Поконкретно, дебарската област влегувала во владеењето и на неговиот татко Јован Кастриоти[24]. Но, радиусот на неговото дејствување се ширел и во другите делови на Македонија[25], особено тоа било карактеристично во почетната етапа на неговото востание. Во одговорот на писмото на унгарскиот крал Владислав од 4 август 1443 година Скендербеј ја подвлекува тешката положба во Македонија, потчинета под османското феудално господство[26]. Всушност, неговата револуционерна определба започнува токму во ова време (1443/1444 г.), со борбата кај Дебар[27], потоа кој Светиград[28] кај Круја, кај Полог, и на останатите воени боишта[29]. Тоа придонесе Скендербеј да се наоѓа во апогејот на својата слава[30].

Во таа борба за ослободување од османскиот феудален господар и Македонија се наоѓаше во сферата на ослободителното движење на

---

[23] Види: M. Barleti: Vita et tius. Historia de et rebus gestis Scadnerbegi..., Romae (1508—1510, I; Strassbourg 1537 etc.). Подробно виду: M. Barleti, Historia., (Tiranë 1964 — Maqedhonia— 46, 66, 71, 78, 83, 89 92, 94, 98, 100, 104, 105, 114, 117, 120, 123 125, 126, 134, 162, 173, 176, 219, 23њ, 231, 245, 247, 265, 266, 283, 293, 295, 233, 342, 351 364, 394, 397, 407, 408, 413, 414, 422, 445, 449, 452, 458, 476, 478, 489.

[24] Љ. Басотова, Нашите краишта и луѓе во биографијата на Скендербег од Ма рин Барлети. — Историја X/1 (1974), 295—296.

[25] За потеклото на семејството на Скендербеј е доста пишувано. За потеклото на неговата мајка Воисава, во една Анонимна венецијанска хроника стои: „Huic uxor fuit Voisava, Pologi Domini filia, est autem Pologum oppidum di Macedoniae et Bulgariae confinibus". (J. Pisko, Skandarbeg. Wien 1894, 115—116; Ст. Димитров, Георги Кастриоти—Скендербег и неговата освободителна борба. — Георги Кастриоти—Скендербег, 1468—1968. София, БАН 1969, 11; А. М. Селищев, Полог и его болгарское население. София 1929, 86; A. Kačič-Miušića, Razgovor ugodni naroda Slovinskoga. Zagreb, S. a., 108).

[26] J. Радонић, Ђурађ Кастриот Скендербег и Арбанија у XV веку. Београд 1942, 7.

[27] Historia e Popullit Shqiptar I, 255—256. Види: M. Barleti, Historia., 65, 69. 70—71, 74, 77, 90, 103, 108, 164, 202, 220, 293, 301, 313, 335, 338, 341, 342, 346, 349, 359, 363—366, 382—384, 402, 422, 452.

[28] По прашањето за Светиград (Коџаџик) во науката е развиена широка дискусија. Види: T. Tomovski, Pitanje Kodžadžika. — Simpoziumi për Skënderbeun, 195—200; Истиот, Прашањето за Коџаџик. — Историја IV/2 (1968); А. Стојановски, Тврдината и населбата Коџаџик во XV и XVI век. — I Научен собир. Гостивар 1972, 205—215; G. Palikruševa, A. Stojanovski, Debarska oblast u šestdesetim godinama XV veka (na osnsvu jednog Savremenor turskog izvora). — Simpoziumi per Skanderbeun. 185 (Исто: Гласник XIII/1—2 (1969); Ст. Антољак, Каде бил Светиград. — Гласник XXI 2—3 (1977), 67—92.

[29] Ш. Рахими, Герге Кастриот-Скендербег. — Историја IV/1 (1968), 83—87; Љ Басотова, Нашите краишта., 296—297; A. Kačič-Miušića, Razgovor., 114 (Mojsiju vojvoda); 137 (Silni junak od Macedonie).

[30] Али Хадри, Преглед., 71—72.

Ѓерѓ Кастриоти Скендербеј. Неговите војувања опфаќаа значителни простори и на Македонија. Според Константин Иречек тој околу 1450 година држел и области на Македонија, но не можел да го заземе Охрид[31]. Западниот дел на Македонија служел како театар на борбите. Меѓутоа, и другите делови на Македонија и на Албанија биле зафатени со воена состојба. Тие служеле како центри откаде се концентрирала или се препраќала османската војска против Скендербдја.[31] Освен тоа, во армијата на Скендербеј се регрутирало и македонското население, со што давало придонес кон ослободителното движење. М. Барлети често говори дека тие македонски жители му биле драги, биле храбри и приврзени кон него[32]. Неговиот престој во македонските краишта се врзувал со широките народни маси[33]. Највидните претставници од ова средина „... Дебраните и Македонците, го сочинувале лесното вооружување," како тоа го посведочува М. Барлети[34]. Меѓу нив се истакнале и оние кои заземале раководни места во армијата на Скендербеј. Според М. Барлети и според други изворни сведоштва, се запознаваме со имињата на личностите: Мојсеј Големиот, Лазар Славјанин, Зарко, Динко и други[35]. Меѓу нив испакнува фигурата на Мојсеј Големиот, за кој се врзани многу епизоди и кој во една гравура е напишан како: „Mosachus Golemi us Dibr".[36].

Македонија претставувала и прицелна точка во меѓународните односи и обврски на Ѓерѓ Кастриоти Скендербеј. Во проектот на Папата Пие II од 1463 година за борба против Османлиите, се сметало на Скендербеј и тој требало да ја добие Македонија[37]. Во еден друг документ тој се одредува и како „крал на Македонија"[38].

Ослободителната епопеја на Ѓерѓ Кастриоти Скендербеј имаше крупни општествено-политички резултати. Таа значеше светла страница во историјата на албанскиот народ и ги зрачеше патиштата на неговатц натамошна борба за национално и социјално ослободување. Таа значеше во истовреме и придонес кон ослободителните стремежи на македонскиот народ, бидејќи во специфичностите на таа епопеја дојдода до израз заедничккте интереси и цели во борбата против османскиот завојувач.

---

[31] К. Јиречек, Историја Срба I, 384; M. Barleti, Historia., 83, 89, 265, 282—284, 309, 353, 364; Л. Басотова, Нашите краишта., 298; Ив. Снегаров, Георги Кастриоти-Скендербег (1405—1469) и отношението на Дебър и Охрид към освободителната му борба. — Исторически преглед 2 (1968), 63.

[31] J. Радонић, Ђурађ Кастриот., 159—160, 228, 236—299.

[32] Љ. Басотова, Нашите краишта., 302—303.

[33] Ив. Снегаров, Георги Кастриоти., 64—65.

[34] Љ. Басотова, Нашите краишта., 306.

[35] Види: А.М.Селищев. Славянское население., 67; Ив. Снегаров, Георги Кастриоти., 61; Љ. Басотова, Нашите краишта., 304; Historia e Popullit Shqiptar I, 282; На Маренин, Албания., 43—45. M. Barleti, Historia, 71, 75—76, 80—81, 83, 88, 101, 109—110, 150, 168, 176, 179, 184—188, 201—202, 206, 210, 212, 213, 235—239.

[36] J. Радонић, Ђурађ Кастиот., 231; Али Хадри, Преглед., 51, 77—82.

[37] J. Радонић, Op. cit., +I.

[38] Ibidem., 232—233.

## III.

ПО УНИШТУВАЊЕТО на ослободителното движење на Скендербеј Албанија долго ги чувствуваше последиците, што ги предизвикаа османските казнени експедиции. Тие последици биле чувствителни и во Македонија. Меѓутоа, останале ослободителните стремежи. Тие добиле, со време, нови видови.

Најчуствително се одразило преселничкото движење на населението и тоа во обете земји. Тоа движење се управувало кон останатите балкански центри, а исто така и во јужна Италија. Меѓу преселниците во јужна Италија имало и македонски Словени (Schiavoni)[39]. Меѓу нив се ширело вилјанието на Охридската архиепископија, која ги потчинила православните општини, а во истовреме и натаму ја држела јурисдикцијата над Албанија[40].

Во XVI век Охридската архиепископија продолжува да ја одржува јурисдикцијата над Албанија и од 32 епархии, 5 имала во оваа земја[41].

Во ова време ослободителните стремежи како во Албанија, така и во Македонија, добиваат нов поттик. Тие се предизвикани од потфатите на македонските и албанските првенци да ја ангажираат Европа за ослободување од османскиот феудален господар. Со тоа ослободителното движење добило нови форми. Тоа станало мошне распространето и во него се вовлекеле повеќе фактори и интереси.

Овие мисии зачестиле од втората половина на XVI век наваму. Нив ги преземале одделни личности од европските господарски кругови, одделни македонски албански првенци и заеднички македонско-албански групи. Според досегашните проучувања првата забележителна акција на одделните личности од Европа започнала да се подготвува во 1572 година. Според еден проект од истата година се предвидувало ангажирање на воена сила од Италија за воени акции во Албанија и Македонија, потоа и со координирање на дејства на австриската војска преку Дунав на југ и најпосле со кревање на востание на Албанците и Македонците[42]. Во 1581 год. една делегација во состав од еден Албанец и двајца Македонци била испратена во Рим да бара помош од папата за кревање на востание во Албанија и Македонија[43]. Слична ваква акција била преземена во 1593 год., но и со поднесување на проект до папата Климент VIII, во кој се предвидувало кревање на востание во Албанија и Македонија со цел за истерување на Османлиите од овие

---

[39] А. М. Селищев, Op. cit., 68: Ив. Снегаров, История на Охридската архиепископия Т. II. София 1939, 31—32.

[40] Ив. Снегаров, История., II, 156—159.

[41] Ibidem., 22, 158, 164—16 , 173—174.

[42] М. Миноски, Ослободителните движења и востанијата во Македонија (1564—1615). Скопје 1972, 98; Н. Милев, Един неиздаден документ за българската история (1597). — Известия на Историческото дружество IV—V (1915); Истиот, Католичката пропаганда в България. София 1914; Истиот, Охридският патриарх Атанасий и скитанията му в чужбина. — Известия V (1922) T. Djuvara, Cent projets de partage de la Turquie (1281—1913). Paris 1914.

[43] М. Миноски, Op. cit., 102—103.

земји и од целиот Балкан. Овој папа сериозно се ангажирал со реализирање на овој проект, но наишол на спротиставување на Венеција[44]. Вакви акции зачестиле и при крајот на XVI и во XVII век.

Карактеристични мисии биле покренати во 1606 год. Од името на првенците во Македонија и Албанија се префрлила делегација во Шпанија да преговара со шпанскиот двор. Во 1607 год. — шпански воени сили се подготвувале во Италија за напад на Леш;[45] истата година, Карло Емануел I савојски војвода, имал проект да се замеша во востаничкото движење во Албанија;[46] истоветни биле акциите од 1609, 1610, 1611 година[47]. Значајни решенија се донеле на средбата во Кучи на угледните луѓе од Албанија, Македонија и од другите балкански земји[48]. Особено значење имале акциите и епизодите на таканаречениот „Султан Јахја", кој од 1603—1618 година се договарал со албанските и македонските првенци за ослободување од Османлиите. Специјални мисии за истата цел тој преземал и кај евронските дворови[49].

Најзначајни биле акциите на Охридскиот архиепископ Атанасиј, кого го викале „Црвен митрополит"[50]. Тој, најпрвин, како и самиот што вели во Проектот, составен од самиот него, ја пропатувал Албанија и цела Македонија, за да ја испита тешката положба на народот и потоа се одлучил на акција[51]. Тој имал тесни врски со албанските и македонските првенци во организирањето на ослободителната акција. За таа цел отпрвин ги усогласувал своите дејствија во Химара (Кимара), а потоа во цела низа европски земји. Од 1596 до 1613 година тој ја прокрстарил Европа за да бара помош за организирање на ослободителна акција за ослободување на Македонија и Албанија од Османлиите[52]. Тие негови акции биле поврзани со многу прерипетии, што ги создавале тогашните европски држави, појдувајќи од свои сопствени интереси и цели. Интересно е да се заклучи дека во овие мисии и натаму се врзувала светлата традиција на Ѓерѓ Кастриоти Скендербеј, кого и натаму го именувале како: „Regni Macedoniae et Albaniae"[53].

Сите именувани акции за организирање на ослободително движење за ослободување на Македонија и Албанија завршиле безуспешно Но, иако биле безрезултатни тие ја носеле во себе ослободителната идеја и значеле нов чекор напред во поврзтвање нови услi на заедничката борба за ослободување на македонскиот и на албанскиот народ.

---

[44] Ibidem, 100—114; J. Радонић, Римска курија и јужнословенске земље од XVI до XIX века. Београд 1950, 9.

[45] М. Миноски, Op. cit., 166—175.

[46] Ibidem., 119—126.

[47] Ibid., 126—128.

[48] Ibid., 129—131. J. в. Н. Томић, Састанак и договор српских главара у Кучима 1614 ради устанка на Турке. Београд 1901, 7, 11, 75—75.

[49] St. Antoljak „Sultan Jahja" u Makedoniji. — Годишен зборник 13 (1960—1961 No 5 (1962), 109, 126—126, 133— 34, 35— 37.

[50] M. Šufflay, Op. cit., 66.

[51] М. Миноски, Op. cit., 86—187.

[52] М. Миноски, Op. cit., 115—118, 138—165; Ив. Снегаров, История II, 9 —103; J. Радонић, Римска курија., 2558258; Јов. Н. Томић, Пећки патријарх Јован и покрет хришћана на Балканском Полуострову, 1592—1614. Земун 1903.

[53] M. Šufflay, Op. cit., 6.

Овие акции со послаб интензитет продолжуваат и во втората половина на XVII век. Поразвиено тоа се покажало во време на австро-турските војни и во време на Карпошовото востание од 1689 година[54]. Меѓутоа, во овој период, а особено во текот на целиот XVIII век, карактеристична е појавата на преселничко движење во Македонија и Албанија и тоа во обата правци. Тие преселувања како бранови ги опфаќаат обете земји и имале во зависност од конкретните услови различен интензитет и проток[55]. Ова движење во натамошното егзистирање и историско раздвижување меѓу двата народа и меѓу двете земји има големо значење. Во тоа се одразува и специфичноста во натамошните меѓусебни односи.

## IV.

ПРИ КРАЈОТ НА XVIII И ВО ПОЧЕТОКОТ НА XIX ВЕК, Македонија и Албанија се наоѓале во фокусот на општествено-политичките и општествено-економските промени што ја зафатиле Османската империја. Во нив се рефлектирале и сите промени и реформни проекти, што биле преземени во Империјата.

Во ова време местото и значењето на Македонија и Албанија започнува се повеќе да се актуализира и на меѓународен план, поврзано со обидите и плановите за реализирање на Источното прашање, во што се согледувале и во што биле вовлечени капиталистичките интереси на европските земји. Во врска со тоа, нивните дипломатски претставници во своите извештаи до своите централи го означувале стопанското и трговското значење на нашиве земји. Во еден извештај на Џон Мориер, британски пратеник во Патрас од 20 октомври 1804 година, се нагласува трговското значење на Албанија и на западниот дел од Европска Турција за англиската трговија[56]. Овој аспект често се подвлекува и во другите извештаи. Всушност, постојано се поврзува известувањето на обете земји во трговскиот сообраќај и нивното трговско значење за европската трговија. Во еден извештај на Чарлз Блант, британски конзул во Солун,

---

[54] Ibidem, 67.

[55] Види: (Ѓорче Петров), Материали по изучванието на Македония. София 1896 473; Н. Маренин, Албански колонии в Македония. — Летописи 7 (1903), 156—159; M. Šufflay, Op. cit., 81—82; И. Иванов, Българо-албанската граница. — Макрп. 5 (1925), 36—48; А. М. Селищев, Op. cit. 69—70; Ив. Снегаров, Един важен., 2—3, 10—12; Милетич, Едно писмо от Бобошчица (Корчанско) до Екзарха Антим I (1873) Макпр. IX/1 (1933), 17—30; St. Nowaќowitch, Beiträge zur Erforschung der makedonishen Dialekte. — Archiv für slavische Philologie (1894), 37—46; A. Mazon, Documents Contes et Chancons Slaves de l'Albanie du Sud. Paris 1936, V. 1—386 (Х. Поленаковиќ, Андре Мазон. — Македонски јазик XVIII (1967), 161—162); A. Mazon et Maria Filipova-Bajrova, Documents Slaves de L'Albanie du Sud. Paris 1965; 12—55; Л. Мојсов, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција. Скопје 1954, 66; А. Матковски. Ѓурчин Кокалески (1775—1863). Скопје, 1959, 68—74, 76—77; П. Пепо към историята на село Бобощица (Албания). — Известия на Института за история 24—25 (1964), 163—182; Х. Андонов-Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Биголскиот вилает од 1897 година. — Годишен зборник 21 (1969) 27—34, 34—46, 47—65.

[56] Британски документи за историјата на македонскиот народ. T. I (1797—1839) (Редакција: Х. Андонов-Полјански) Скопје, Архив на Македонија 1968, 25.

од 2 август 1841 година, се нагласуваат трговските врски помеѓу Албанија и Македонија, потоа, размената на албански и македонски производи на пазарите[57]. Тоа е карактеристично за сите натамошни години на XIX век. Исто така за одбележување е дека панаѓурите во Македонија во овој период биле посетувани од купувачи и од трговци во Албанија[58]. Така, во 1850 година панаѓурот во Неврокоп го посетувале трговци од Албанија и ги снабдувале пазарите со стока[59]. Исто така, и на панаѓурот во Сер во 1867 година се продавале стоки од Албанија[60]. Но, и во обратен правец се врзувала албанската и македонската трговија. Така, кукушките трговци на платна ги посетувале албанските пазари[61]. Тоа го правеле трговците и до другите македонски центри.

Овој економски аспект бил мошне карактеристичен да се развијат македонско-албанските односи и во другите домени.

Поинтересни сведоштва наоѓаме на културно-просветното поле и на полето во другите активности. Оваа нова заемна дејност ја забележуваме од крајот на XVIII век. Нејзиниот почеток е илустритивен уште со таканаречениот Даниилов „Четиријазичник" (Lexicon Tetraglosson), за кој лексички податоци се прибирале во втората половина на XVIII, за чие објавување уште се спори во науката. Ова познато дело е значајно по тоа што во него за првпат се објавува македонско-албански материјал и претставува прв македонско албански и албанско-македонски речник[62]. Суштествени сведоштва за македонско-албанските контакти наоѓаме и во изворното дело: „Наказание од Ѓурчин Кокале", каде што настаните се следат од 1775—1823 година. Во нив видно внимание е одделено на врските на Ѓ. Кокале со Албанија[63]. Од сличен значаен карактер се и „Охридските летописни белешки" од Никола Поп Стефанија, кои го опфаќаат периодот од 1801 до 1843 година. Во нив се присутни важни податоци за историјата на Македонија и Албанија во споменатиот период. Од посебен интерес се податоците за таканаречената „Корчанска работа", со опфатени настани од 1831 до 1835 година, каде се изнесени ѕверствата на османските војски над безаштитното корианско население[64]. Историски карактер имаат и податоците изнесени во македонската песна за погубувањето на албанските поглавари

---

[57] Британски документи за историјата на македонскиот народ. Т. II (1840—1847) Редакција: Х. Андонов—Полјански). Скопје, Архив на Македонија 1977, 57.

[58] Ibidem, 191.

[59] И. Катарџиев, Серската област (1780:1879). Скопје 1961, 95.

[60] Ibidem, 91, 49.

[61] Гоце Делчев. Документација. Печат. Летопис, Хронологија, Изреки. Библиографија. Т. IV. (Редакција: Х. Андонов-Полјански). Скопје 1972, 46; Х. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време. Скопје 1972, 56.

[62] Види: Х. Андонов-Полјански, Мисијата на Вилјем Мартин Лик во Македонија — Годишен зборник 21 (1969), 67; В. А. Погорелов, Даниловият четириезичник. — СБ БАН XVII/11 (1925), 1—48; Х. Поленаковиќ, Даниловиот „Четиријазичник". — Културен живот 1—2 (1962), 28—29.

[63] Домашни извори за македонската историја. (Редактирал: Љубен Лапе). Скопје 1951, 9—18; А. Матковски, Ѓурчин Кокалески., 124—134; 203 (Албански песни за Ѓ Кокалески).

[64] Домашни извори., 19—37. Види: Kryengritjet popullore në vitet 30 të shekullit XIX. Dokumente osmane. Tiranë 1978.

кај Битола во 1830 година[65]. Со тоа се потврдува вредноста на овие изворни податоци, од кои е можно да се забележи само еден делумен момент од текот на македонско-албанските врски во ова време.

Значајни промени во Македонија и Албанија настануваат во ерата на Танзиматот. Во дипломатските извештаи наоѓаме на опстојни извештаи за овој период од македонската и од албанската историја. Така, во британските извештаи од 1839 година натаму се среќаваме со постојани известувања за постоење на немири во обете земји, а исто така за движење на војски низ Македонија во правец на Албанија[66]. Оваа бунтовна состојба траела продложително[67].

Најзабележителни облици тој бунтовен предизвик добива во времето од 1839 до 1841 година кога Мехмед Али се обидува да подигне востание во Македонија и Албанија против централната султанска власт. За животот и дејноста на овој египетски владетел е повеќе пишувано. Тој бил од албанско потекло. За него е речено дека „... бил роден во Македонија, која била отворена за новите идеи."[68] Учествувал во османска служба и како одметнички паша дејствувал од 1831 до 1833 и од 1839 до 1840/1841 година. За него, како преобразител на Египет висока оценка дал и Карл Маркс. Тој, со цел да ги минира акциите на Високата Порта се обидел од стратегиски причини да ги заангажира Македонија и Албанија во вителот на својата политика. Целта му била да ги подигне на востани овие две земји за да ги реализира своите планови и односи со Портата. За таа цел презел низа акции почнувајќи од 1839 година. Со таа стекнал свои приврзеници и следбеници како во Македонија, така и во Албанија. Тој испраќал свои емисари во овие земји за да го подигаат народот на востание. Поразвиено активирање тој презел при крајот но 1839 и во текот на 1840 и 1841 година. Сакал да го подигне на востание не само христијанското, туку и муслиманското население. Како резултат на овие негови акции имало обиди за бунтови и за востание во одделни делови на Македонија и Албанија[69]. Со тоа и во овој чин се правеле обиди за заедничко македонско-албанско дејствување, во што биле вплетени ослободителни стремежи.

Создадената бунтовна состојба ги раздвижила и ги активирала бунтовите сили за борба против тиранијата. Тоа наишло на посебен израз во време на востаничкото движење на Дервиш Цар од 1843 и 1844

[65] Х. Поленаковиќ, Студии од македонскиот фолклор. Скопје 1973, 217—223

[66] Британски документи., II, 14, 208—209, 272—273, 275.

[67] Види: Към борбите в Югозападна Македония София 1926, 8—9; Historia e popullit shqiptar II, 35—105; Z. Shkodra, Shqipëria në kohën e Tanzimatit. Tirana 1959; Историја на македонскиот народ. Т. II, 29—34; E. Pllana, Kosova dhe reformat në Turqi (1839—1912). Prishtina 1978, 5—46.

[68] Х. Андонов-Пољански, Обидот на Мехмед Али да подигне востание во Македонија (1839—1841). — Годишен зборник 22 (1970), 154.

[69] Ibidem, 164.

година. Кон неговото движење се присоединило и македонското население[70], со што и овој пат се потврдила заемноста во ослободителното дело.

## V.

ЗАБЕЛЕЖИТЕЛНА СТРАНА во македонско-албанските врски зазема прашањето за заемните допири на полето на просветата и културата. Тоа интересно прашање го следиме во епохата на македонската преродба. Најпрвин, такви обиди прави македонскиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов Џинот, кој пројавува широк интерес за делото на Скендербеј), за лексичките собености на албанскиот јазик и за просветни прашања[70a].

Од посебен интерес е и прашањето за застапеноста на мотиви од албанското минато во делата на македонските преродбеници, како и во македонското народно творештво во XIX век.

Овие аспекти најзастапени се во творештвото на македонскиот поет Григор Прличев. Оваа негова заинтересираност дошла како последица на Прличевиот интерес да се запознае со историското минато на Албанците, да стапи во непосреден допир со албанскиот народ. Тоа запознавање тој го потврдил и за време на учителствувањето во Тирана. Најверојатно, тој кон 1848 година заминал за Тирана да учителствува. Самиот тоа го констарира и во ,,Автобиографијата“[71]“. Но, малку податоци се познати за неговиот престој во Тирана и за неговото работење во овој албански центар[72]. Секако, тој престој му помогнал на Прличева мошне многу подробно да ги вообличи своите мотиви и херои од историското минато на албанскиот народ. Овој превосходен потфат Григор Прличев најверзирано го воведува во своите знаменити трудови: ,,Сердарот“ и ,,Скендербеј“.

Во ,,Сердарот“, за кој Г. Прличев беше овенчан со ловоров венец, низ херојската драма на Кузман Капидан, ,,со омировски замав се дадени низа импресивни слики, описи на обичаите, карактеристики на Албанците“[73]. Во ,,Автобиографијата“ самиот Г. Прличев забележува дека во ,,Сердарот“ ,,. . .бев пофалил неколку албански добродетели“[74].

[70] Види: Британски документи., II, 123, 124, 336 138—139 175—176; Р. Поплазаров. Еден интересен документ за бунтот на Дервиш Цар. — Гласник XVIII/1 (1974) 221:213; А. Матковски, Документи од Виенската и Задарската архива за востанието на Дервиш Царе. — Гласник XXI/2—3 (1977), 167—194.

[70a]. Види: Х. Поленаковиќ, Кореспонденцијата Ј. К. Џинот со Друштовото српске словесности. Скопје 1955; A. Mustafa, Një rilindas maqedon për shqiptarët dhe shnollat Shqipe. — Flaka e vëllazërimit XXXI/1847 (1976), 13.

[71] Григор Прличев, Автобиографија. Скопје 1967, 53.

[72] Григор Пърличев, Съчинения (1830—1930). София 1930, 6; Х. Поленаковиќ Страници од македонската книжевност. Скопје 1952, 203; Истиот, Во екот на народното будење. Скопје 1973, 204; Г. Сталев, Преглед на македонската литература од XIX век. Скопје 1963, 114.

[73] Х. Поленаковиќ, Страници., 203, 207. Истиот: Студии за Миладиновци, Скопје 1973, 29—34.

[74] Г. Прличев, Автобиографија, 103, 115.

Неговите херои носат длабоки траги на почит спрема хероизмот, спрема достоинството, кон куражот на смелоста[75].

Посебна почит македонскиот поет Григор Прличев доби со поемата „Скендербеј". Оваа негова евидентно великолепна творба, посветена на големиот син на албанскиот народ, стана предмет на внимание во светската споредбена литература. Разработени се различни страни од сета проблематика на „Скендербеј", почнувајќи од истражувањето на мотивите, на нејзниот историски карактер, на влијанието на М. Барлети и на народните преданија и на другите прашања, што се наметнати со богатата содржина во поемата. со мноштвото на личности, настани и појави. Најповеќе внимание обрнале неговото претставување на личноста на Скендербеј[76].

Покрај уметничкото вообликување на наведените мотиви истите ги наоѓаме присутни и во македонското народно творештво. Најпрвин тоа се мотивите поврзани со херојските подвизи на Скендербеј, кои наоѓаат место во македонските народни песни и преданија. Интересно е што преданијата се јавиле многу рано. така што, според искажувањето на познатиот германски патописец А. Гризебах сè уште во 1839 година се чувале во Македонија, нарочно во Полог, преданијата за Скендербеј[77]. Исто таков бил случајот и со Дримкол[78]. Но, пораспространети се народните песни. Нив започнал да ги бележи Кузман Шапкарев во Охрид 1854 година[79]. Но, за првпат една од нив била објавена во Зборникот на народни песни од Браќата Миладиновци во 1861 година[80]. Поголем

---

[75] Види: Григор Прличев, Собрани текстови. (Приредил Т. Димитровски Скопје 1974, 13—14; Г. Сталев: Преглед., 123—124; Х. Поленаковиќ, Во екот., 204—205 213—221; В. Јаќоски, Албанците во делата на Григор Прличев. — I Научен собир. Гостивар 1971, 80—90.

[76] Види: Григор Прличев, Скендербег. Поема (Препеал Георги Сталев). Скопје 1961, 119—93; Г. Пърличев, Скендербей. (Стъкмил Христо Кондов). София 1967; Grigor Përliçev, Skenderbeu. (e përktheu: Sp. Çomora). Shkup 1968, III—XVI, 18—282; D. Kadah, Die Darstellung Skenderbegs und der Albaner in Prličevs „Skenderbeg" und „O Armatolos". — Studia Albanica Monacensia (München)/1969, 3 (М. Д. Петрушевски Скендербеј., VII); M. Luftiu, Për cilën betejë bën fjalë Përliçevi në poemën „Skënderbeu". — Simpoziumi., 369—374; Ол. Јашар-Настева, За Скендербег кај Григор Прличев. — Simpoziumi., 361—367; O. Jašar-Nasteva, Die Versezzählung „Skenderbeg" von Grigor Prličev. — Zeitshrift für Balkanologie V/1, 34—51; В. Георгиев, Образът на Скендербег в позеията на Григор Пърличев. — Георги Кастроиоти Скендербег. София 1970, 33—45; Григор С. Прличев. Скендербеј. (Од грчкиот оригинал препеал Михаил Д. Петрушевски). Скопје 1974, VII—IX, 2—187, 1—116; „Studime Historike" за Прличе — Нова Македонија 10.II.1974, 3; Љ. Басотова, „Скендербеј" на Григор Прличев и Марин Барлети. — Современост XXVIII/5 (1978), 46—61; Гане Тодоровски, Маѓепсан мегдан. Скопје 1979, 84—93, 545—547; Τίτου Π. Γιοχάλα Τό ἐπικόν ποίημα τοῦ ἐξ 'Αχρίδος Γρηγορίου Σταυρίδου (Prličev) „Σκευδέρμπεης", Одделен отпечаток од XI том на „Μακεδονικά"; Σύγγραμμα περιοδικόν τῆς 'Εταιρείας Μεκεδονικῶν σπουδῶν. Θεσσαλονίκη, 1971, стр. 174—259

[77] А. М. Селищев, Op. cit., 86.

[78] Ми. С. Филиповић. Дебарски Дримкол. Скопје 1939, 17.

[79] Кузман Шапкарев, Избрани дела. Т. II. (Приредил: Томе Саздов). Скопје 1967, 89—90.

[80] Миладиновци, Зборник (1861—1961). Скопје 1962, 271: Антон П. Стоилов Показалец на печатените през XIX век български народни песни. II (1861—1878). София 1918, 234.

број песни за Скендербеј објавил П. Драганов во 1894 година[81], по што, натаму продолжи објавувањето на песни од овој циклус[82]. Меѓутоа, не беше присутен само мотивот на Скендербеј во македонското народно творештво. Подоцна и во наше време со развојот на фолклористиката, поточно на југословенската и албанската, започнаа да се разработуваат овие мотиви, давајќи им широка скала на познавања[83]. Со тоа, и од оваа страна се потврдува, дека во XIX век и натаму, македонско-албанската заемност дошла до израз и во овој вид на творештвото.

## VI.

ПО КРИМСКАТА ВОЈНА македонско-албанските врски влегуваат во нова фаза. Тие биле условени од општествено-политичките и економските промени што ја зафатиле Османската Империја непосредно по војната, особено по донесувањето на Хатти-хумајунот во 1856 година. Меѓутоа, и натаму не згаснал ослободителниот стремеж кај македонскиот и кај албанскиот народ. Тој во овие услови добил поинтензивен вид.

Во шеесеттите години на XIX век одново се појавило движење за ослободување на Македонија и Албанија. Тоа било поврзувано со појавата на повеќе проекти за нивно ослободување. За таа цел биле анга жирани повеќе фактори и групи.

Во оваа ослободителна дејност од ова време испакнува фигурата на македонскиот борец за слобода: Стојан Везенков. Тој многу рано се

---

[81] П. Драганов, Македонско-Славянский Сборник. СПБ 1894, XII, 102—122 205—234.

[82] Sh. Pllana, Skënderbeu në krijimtarinë gojore të Kosovës dhe të Maqedonisë — Simpoziumi., 287—301; А. Димитрова и М. Янакиев, Предания за исторически лица в българските народни умотворения. — Известия на Семинара по Славянска фило логия VIII—IX (1948), 436—437, 480—481, 498—500, 510—511.

[83] Види: (К. Шапкарев), Български прикаски и вервания с прибавления на не колко македоновлашки и Албански. — СбНУ VIII—IX (1892), 515—534; 559, 564; А. П. Стоилов, Показалец., I (1815—1860). София 1916, 68—69; Истиот, Български аромънски и албански фолклор. София 1926 (СбНУ XXXVI), 145—152; Гл. Тодоров ски, Прилог кон историјата на школството во Дебарската и Реканската каза.—Гласник IV/1—2 (1960), 242—265; Миладиновци, Зборник, 79—81, 184—188, 352, 411. 423. 459 Ф. Каваев, За некои взаемни влијанија и заемки во народната поезија помеѓу Јужните Словени и Албанците. — Прилози 11 (1969), 27—39; Ш. Плана, Симобликата на ал банските и македонските народни песни за броеви. — Македонски фолклор IV/7—8 (1971), 69—78; С. Кнежевић, Културна места и манастири у традиционалној здравственој култури Срба, Македонаца и Арбанаса. — I Научни собир, 243—251; Марко К Цепенков, Народни приказни (Редакција: К. Пенушлиски). Скопје 1972, 82—83, 119—126; А. Мустачи, Албанские обрядовые песни, посвященные весне. — Македонски фолклор VII/13 (1974), 53—64; Ш. Плана, Бузми кај Албанците и Бадникот кај Јужните Словени. — Македонски фолклор VIII/15—16 (1975), 93—99; В. Јаќоски, Националната мисла одразена во албанската епска легендарна народна поезија. — Биогорски научно-културни собири 1974—75. Скопје 1976, 22—36; К. Шапкарев, Избрани дела., III, 429—430. 496—506; П, Јанура, Јосиф Багери. Поет и мислител од Горна Река. — III научен собир посветен на Партенија Зографски. Скопје 1978, 135—148; В. Јаќоски, Западна Македонија и нејзината положба во 19 век според народната песна Развиток XVI/2 (1978), 146—157. B. Koneski, Les Contacts entre les parles Macédoniens et Albanais. (O. Jašar-Hasteva, B. Vidoevski). Скопје 1974, 1—15.

посветил на револуционерното ослободително дело. Покрај своето сопствено македонско, го употребувал и конспиративното албанско име: Зека Бисов. Одлично знаел албански и стекнал приврзеници за ослободителната идеја како кај Македонците, така и кај Албанците[84]. Д. Чуповски го нарекува: ,,македонско-албански водач“, бидејќи се посветил на македонското и албанското ослободување. Затоа Албанците го нарекувале: ,,нов Скендербеј“[85].

Револуционерната дејност на Стојан Везеиов опфаќала неколку етапи. Тој, поконкретно во април 1867 година ги започнал своите подготовки да го организира македонскиот и албанскиот народ за востание. Најпрвин ги започнал подготовките во Дебар, а потоа се префрлил во Мат и во Малесија[96]. Насекаде се срекава. со револуционерните дејци. Во Дебар се сретнал со влијателниот албански првенец: Сали Марко. Во Мат преговарал со: Асан Кока, Сул Кулета и Џелал Паша. Меѓу нив и меѓу народот агитирал за организирање на востание против османските власти. Во овие договарања биле преземени само мерки за подготовки на востание. Овие преговарања продолжиле и во 1868 година[87].

Својата организаторска работа Стојан Везенков ја обновил и во 1868—1873 година. Тој и натаму продолжувал со своите акции и по тајни канали се срекавал со македонски и албански првенци за да ги канали. зира подготовките за востание. Стефан Веркович соопштува дека Ст. Везенков имал средби ,, . . . кај поглаварите на разни фисови до Арнаутлук“[88]. Во 1873 година повторно ја обновил соработката. Неговй приврзеници и натаму биле првенците: Асан Кока, Коче Заде и други[89].

Револуционерната работа на Стојан Везенков оставила траги. Неговата соработка за покренување на македонскиот и албанскиот народ на востание против османскиот поробувач служела како поттик за натамошни раздвижување на заемното ослободително дело.

Прилог кон македонско-албанските врски во прзите години на седудесеттите години на XIX век претставува и дејноста на македонскиот преродбеник и револуционерен деец Георѓи Пулевски. Од ова време значајно е да се истакне неговата просветно-културна дејност во подготвување на објаснителни речници на албански и македонски

---

[84] Кл. Џамбазовски, Одборот на Сгара Србија и Македонија и Македонското прашање од 1877—1881 г. — Македонија и источната криза. Скопје 1978, 334.

[85] З. Присаѓанец-Тодоровска, Запис за Стојан Везенков. — Бигорски научно културни собири 1974—1975, 129, 131—132.

[86] Ibidem, 132—133.

[87] Види: Н. Д. Димов, Исторически очерк Македонии и Македонских Славян СПБ 1913 (Бл. Ристовски, Наце Д. Димов. Скопје, МАНУ 1973), 73 84; И. Г. Сенкевич Албания в период Восточного кризиса (1875—1881). Москва 1965, 57—58; И. Г. Сенкевич, Документи од историјата на Македонија во Архивата на М. А. Хитрово. — Гласник X/1 (1966), 178; Исто, М. А. Хитрово— прв руски конзул во Битолскиот крај (1861—1864). — Гласник XI/1 (1967), 121; Р. Поплазаров, Национално-ослободително движење во Западна Македонија во седмата и осмата деценија на XIX век (1861—1877). — Бигорски научно-културни собири., 78—86; Истиот, Ослободителните борби., 177—182.

[88] Р. Поплазаров, Ослободителните борби., 182.

[89] Ibidem, 194.

јазик. Во 1873 година во Белград го објавува трудот под наслов: „Речник на четири јазика“, во кој е застапен и албанскиот јазик[90]. Потоа, во 1875 година издава нов речник под наслов: „Речник од три јазика. С. Македонски, Арбански и Турски“[91]. По Даниловиот „Четиријазичник“ ова е втор македонско-албански речник, но со конкретни објаснувања за Македонците и Албанците. Во своите натамошни работи Г. Пулевски, особено во „Славјанско-Македонска општа историја“ повторно се навраќа да го истакне албанското минато, наведувајќи податоци за Скендербеј и за албанските востанија[92]. Со оваа своја значајна дејност Г. Пулевски придонел мошне многу за заемното запознавање помеѓу македонскиот и албанскиот народ.

## VII.

СОДРЖАЕН СТЕПЕН македонско-албанските врски заземаат во време на Источната криза (1875—1881). Меѓутоа, уште пред овој клучен настан во историјата на Источното прашање овие врски биле регистрирани како македонско-албански контакти со цел да се канализира движењето за ослободување. Сега на сцената испакнува македонскиот деец Исаија Мажовски, кој исцело бил застапник на идејата за заедничка борба на македонскиот и на албанскиот народ против Османлиите. Во неговите „Спомени“ ја бележиме сета негова активност на ова поле. Тој, веќе од 1873 година натаму имал развие ни допири со албанските првенци. Во 1873 г. тргнал кон Албанија и во. с. Топовјани (Дебарско) се сретнал со албанскиот војвода Бајрам Даноски. Со него собрал чета и започнал да се движи низ Дебарско и низ другите области[93]. Поконкретни чекори биле преземени во 1874 година. Тогаш тој бил повикан од албанскиот првенец: Гани Беј Топтани во Тирана, кој натаму не играл позитивна улога во албанското ослободително движење. Таму имал заедничка средба со други албански првенци. Таму се решавало околу подготвувањето на ослободително македонско-албанско движење[94]. Некои од нив не се согласувале со неговите концепти за заедничка ослободителна дејност. По средбата И. Мажовски повторно се вратил во Топовјани, откаде дејствувал во организирањето на чети и во ширењето на револуционерната идеја. Тој крстарел со албанска дружина по сите дебарски и битолски села и планини[95].

Нов момент во заемното зближување настанува со појавата и дејствувањето на Призренската лига во 1878 година. За овој крупен настан во поновата историја на албанскиот народ е доста пишувано во

[90] Ѓорѓија М. Пулевски, Одбрани страници. (Избор, редакција: Бл. Ристовски) Скопје 1974/Речник от четири језика, 1873).

[91] Речник од три језика. С. Македонски, Арбански и Турски, Написао Ђорђе М. Пуљевски. У Београд 1875, 83; П. Јанура, Значајот на делото на Ѓорѓи Пулевски. 171—17 .

[92] Ѓ. Пулевски, Одбрани страници., 255.

[93] Т. Тодоровски, Спомените на Мажовски. Скопје 1972, 35.

[94] Ibidem, 35.

[95] Ibid., 35—37.

последно време, нарочно по повод на стогодишнината на Лигата. Разработени се нејзините програмски цели и идеи, како и различните аспекти поврзани со нејзината дејност и активност во раздвижувањето на национално-ослободителното движење[96]. Но, во истовреме, особено во албанската историографија е дадено друго значење, и други димензии на ова движење. Исто така, сè уште недостасува осврт за одгласите на овој револуционерен потфат во Македонија и рефлектирањето врз македонското национално-ослободително движење. Но, засега е познато дека И. Мажовски бил поканет да учествува на конгресот на Лигата и и тоа како делегат од Дебарскиот крај. И. Мажовски во своите „Спомени": нагласува: „. . . Горев од желба Албанија да стане независно кнежевство, но уште повеќе и Македонија да си избори своја независност"[97] Како што се гледа, не била заборавена заемноста во овие значајни револуционерни појави. Тоа ќе најде израз и во учеството на албански доброволци во македонското Кресненско востание од 1878/1879 година. Имено, во ова востание учествувале доброволци од Корча, Скадар, Колоња и од други места[98].

Револуционерната заемност и интереси нашле одраз и во заедничките напори на група македонски и албански револуционери, кои во мај 1880 година формирале: „Привремена влада на Македонија". Во официјалната изјава за формирањето на оваа Влада именуван е и нејзиниот состав, во кој влегувал како член и: Али Ефенди (Албанец)[99]. Во целите на Владата се поставило барањето за исполнување Берлинскиот договор[100].

## VIII.

МАКЕДОНСКО-АЛБАНСКИТЕ ВРСКИ добиле нова содржина со формирањето на „македонско-албанските лиги". Поопфатно овие лиги дејствуваат во осумдесеттите години на XIX век. Од „Спомените"

[96] Види: Ј. Х. Васиљевић, Албанска лига. Београд 1909; K. Frashëri, Lidhja e Prizrenit (1878—1881). Tiranë 1956; A. Hadri, Prilog rasvetjlavanju Prizrenske lige 1878—1888. — Përparimi 1 (1967); Historia e popullit shqiptar II, 106—192; Lidhja Shqiptare e Prizrenit në dokumente angleze (1878—1881(. (ed. Skender Rizaj) Prishtinë 1978; E. Pllana, Kosova., 108; В. Трайков, Идеологически течения и програ ми., София 1978; (Албанското национално-ослободително движење); Ш. Рахими, Процесот на создавањето на албанската нација и нејзиниот одраз во Западна Македонија во времето на Источната криза, 1875—1877. — Бигорски научно-културни собири., 215—216; Konferenca Kombëtare e Studimeve për Lidhjen e Prizrenit. I (1978); Tiranë 1979; K. Frasheri, Lidhja Shqiptare e Prizrenit 1878—1888. Tiranë 1979, 255. Johannes Faënsen, Die albanische Nationalbewegung. Berlin 1980; и други. Lidhja Shqiptare e Prizrenit në dokumentet osmane 1878—1881. Tiranë 1978.

[97] Т. Тодоровски, Спомените., 37.

[98]. Х. Андонов-Полјански, Странски доброволци во Кресненското востание (1878—1879). — Зборник. — Скопје, МАНУ 1981; Български Патриарх Кирил, Съпротивата срещу Берлинския договор. Кресненското въстание. София 1955, 110, 287—289

[99] С. Димевски, Привремената влада на Македонија во страниците на конзулските извештаи. — Разгледи 1—2 (1973), 173—180; Љ. Лапе, Одбрани текстови II, 250; Истиот, Внагрешната положба во Македонија за време на Источната криза· — Македонија и источната криза., 45—46.

[100] Љ. Лапе, Одбрани текстови II, 251.

И. Мажовски, како и од други извори, дознаваме дека македонските и албанските патриоти веќе во 1877 г. се планирале да формираат: ,,Македонско-албанска револуционерна лига". Целта на Лигата била: ослободување на Македонија и Албанија. Потоа: прогласување на политичка автономија[101]. Сочувано е и едно сведоштво издадено на Исаја Мажовски од името на ,,Албанско-македонската револуционерна лига". Со тоа сведоштво му се давало право од името на ,,Клетвата за верност на Албанија", како што се вели во документот, да даде објаснување за положбата на Лигата[102]. Секако, тоа е врзано со сета севкупна дејност и посветеност на Исаија Мажовски кон делото на ослободувањето на Македонија и Албанија.

Најзначаен акт претставувало формирањето на: ,,Албанско-македонска револуционерна лига" во 1887 година. Формирањето на оваа Лига настанало како резултат на општествено-економските и политичките услови во Македонија и Албанија. Тогаш, биле созреани претпоставките за поставување на борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот и албанскиот народ на едно вакво ниво и во една ваква форма. Со цел што повеќе да се сплоти македонскиот и албанскиот народ во борбата против османската тиранија бил подготвен проглас-апел, во кој се објаснуваат целите на заедничката борба. Прогласот бил составен на албански јазик и се ширел главно во албанските области.

Прогласот претставува мошне интересен документ. Во него се набележени заедничките моменти во борбата и целите на ослободителното движење. Уште во почетокот се повикуваат Албанците за ,, . . .обединување со нашите блиски Македонци". Потоа се инсистира на ,, . . . заеднички дејствувања со низа ослободување на нашата древна и страдалничка татковина." Притоа се означува блискоста на заедничката борба со следниве зборови: ,,Ако ја знаете географијата на Македонија и Албанија, нивната мината историја, нивната блискост, обичаите и нивните политички интереси и ако ни поверувате, тогаш одобрете ги нашите дела и во скоро време присоединете се кон нас и укажете ни ја својата помош"[103]. Затоа и се пристапило кон создавање на ваква револуционерна лига, како единствен пат да се помогне ослободителното дело. За остварувањето на тоа дело поставени се високи цели. Тие се определени на следниов начин: ,,Нашето дело за ослободување ќе го остваруваат Албанците заедно со Македонците, дејствувајќи заедно, без разногласија, под еден устав, под едно знаме и ќе се бориме за утврдување на самоуправа во нашите две области"[104]. По означувањето на овие заеднички цели на борбата се нагласени и резултатите, што требало да се постигнат. Тие се прокламирани во барањата: ,, . . . Ние не бараме ни кралство, ни кнежевство, ние не сакаме Албанија и Македонија да паднат под власта на Бугарија или Србија или Грција. Но ние

---

[101] Т. Тодоровски, Спомените 18; И. Г. Сенкевич, Нови материјали., 114;
[102] И Г. Сенкевич, Нови материјали., 117—118.
[103] Ibidem, 118.
[104] Ibid., 118.

сакаме на Македонија и Албанија да им се даде автономија дури во тој случај ако тие останат под власта на султанот. Со еден збор, ние сакаме да имаме сопствен суд и сопствена управа. Во Албанија — нека наредуваат Албанците, во Македонија — Македонците, макар што при тоа ќе се сочува врховната власт на султанот“[105]. Со изложувањето на целите се прави и повик за приоединување кон Лигата“, . . . под гордото знаме на Албанија и на Македонија“.[106]

Целите и задачите на Лигата претставени во нејзниот Проглас, иако нудат програма минимум на револуционерното дело, означувале чекор напред за создавање на заедничка македонско-албанска револуционерна борба. Меѓутоа, Лигата не можела во својата сфера на дејствување да опфати поголем круг свои сомисленици и да ги опфати сите делови на Македонија и на Албанија. Дејноста на главните актери на оваа Лига, меѓу кои се наоѓал И. Мажовски, набргу била осуетена од османските власти. Но, и во следните години И. Мажоски, како што за тоа истакнува во „Спомените“, ја продолжил револуционерната дејност како во Македонија, така и во Албанија. Во текот на 1888 година[107] патувал неколку пати во Албанија и се среќавал со албанските дејци за координирање на македонско-албанското ослободително дело. Патувал во Малесија, во Тирана и во други места. Тој наведува дека еден од албанските првенци му изјавил: „Албанците се решени решително да дејствуваат за ослободувањето на Македонија и Албанија“[108]. Меѓутоа, таа конспиративна дејност често наидувала на пречки, од што резултирало затворањето на И. Мажовски и на група албански првенци. Но. и во овој случај дошла до израз солидарноста, која се изразила во петицијата на 130 албански општини од јануари 1889 година за негово ослободување, на што Портата била принудена да се согласи[109]. И. Мажовски и неговите сомисленици продолжиле и натаму да ги зацврстуваат заедничките врски во името на заемното ослободително тело[110].

И покрај оваа резултантна акција на „Албанско-македонската револуционерна лига“, како и на Исаија Мажовски и на албанските првенци, продолжиле и другите активности во интерес на заедничкото ослободително дело. Така, во Романија во 1893 год. била направен обид да се издаде весник под наслов: „Albano-Makedonia“[111]. Освен тоа, во

---

[105] Ibid., 118.

[106] Види: Љ. Лапе. Одбрани текстови II, 284—285; Sh. Rahimi, Komiteti i lidhjes maqedono-shqiptare në London me v etin 1920.—Perparimi 9 (1962); T. Pasco, Lidhje me savët maqedonas, Tirane 1968, 148; И. Г. Сенкевич, Албания., 64; Х. Андонов-Полјански, Прилог кон македонско-албанските врски во минатото. — Историја !!/1 (1967), 83—85 (Истиот, Kontribut për lidhjet maqedono-shqiptare në të kaluemen. — Jehona 1—2 (1967), 111—118; Р. Божилова, Опита на сътрудничество в националноосвободителните борби на населението в Европейска Турция в края на XIX в. — Национално-освободителни движения на Балканите в края на XIV век. София 1976, 202—216.

[107] Според: A. Nikić, Stanje u Sjevernoj Makedoniji i Kosovu od god. 1860 no 1890 i svijetlu novih izvora. — Македонија и Источната криза, 205.

[108] Т. Тодоровски, Спомените., 48—51.

[109] Ibidem., 52—58.

[110] Ibid., 59—63.

[111] Р. Божилова, Опита., 206.

Лондон 1893/1894 година се формира нова „Албанско-македонска революционерна лига", чија дејност опфаќала повеќе активности во 1898 и во 1902 година.

Формирањето на оваа лига надвор од Македонија и Албанија претставува нов момент во македонско-албанските врски. Во организирањето на оваа лига испакнувале неколку македонски и албански дејци. Меѓу нив особено значајна улога играл Стефан Дамчев-Македон од Битола, кој говорел албански и кој бил посветен на македонското и албанското ослободително дело[112]. За разлика од именувањето на претходната, оваа Лига се вика: „Национално-централна албанско-македонска лига" („The National Central Albano—Macedonian Society). Најважен акт на оваа Лига е нејзиниот Проглас, кој се викал: „Проглас на национално-централната албанско-македонска лига" (Proclamation of the National Central Albano—Macedonian Society), објавен на 10 ноември 1898 година. Целта на Прогласот е да ја осветли пред европскиот свет суштината на албанско-македонското прашање и да ги претстави целите на Лигата. Тие се состојат во следново:

1. Добивање независност и автономија за Албанија и Македонија;

2. Создавање на една самостојна конфедеративна држава, во која да влезат сите народи во овие области;

3. Силно спротивставување на сите посегнувања, кои се опасни за делото на албанско-македонската независност;

4. Спречување на секое мешање на голема или мала сила;

5. Се осудуваат како штетни за интересите на Албанија и на Македонија сите сугестии или предлози за раздробување на земјата. Покрај нагласувањето на овие суштествени принципи, кои во многу нешто се поразвиени од целите на претходната Лига, а особено во нагласувањето на борбата за независност и противење на секое посегнување од надвор, се истакнува исто така дека Лигата имала свои следбеници меѓу Албанците и Македонците. Исто така се нагласува дека Лигата чекала погоден момент да даде знак за општо востание. Се подвлекува дека ова решение обострано било прифатено[113].

Појавата, потфатите и активностите на оваа Лига се мошне интересни и значајни. Таа се појавува во време кога македонското национално-ослободително движење во сама Македонија започнува да ги разраснува своите идеолошки и организациони потенцијали, и кога албанското национално-ослободително движење презема нови чекори во борбата за национално и социјално ослободување. Оттука и се јавува извесен вакуум во дејствувањето на оваа Лига. Но, веќе во почетокот на XX век одново се раширува нејзината дејност. Сега се среќаваме со малку изменето именување на Лигата и тоа со: „Национална Македонско-Албанска Лига" (National Macedonian-Albanian League). Оваа

---

[112] L'Autonomie No 4 (1902), 1—3; Р. Божилова, Опита., 209; Бл. Ристовски, Димитрија Чуповски (1878—1940) и македонското научно-литературно Другарство во Петроград. Т. I. Скопје 1978, 10.

[113] Р. Божилова, Опита., 209—210.

Лига во 1902 год. издава Проглас, кој е сочуван во оригинал на албански и на други јазици. Од повикот кон „Браќа Македонци! Браќа Албанцо“ (Frères Macédoniens! Frères Skipetars!) произлегува дека бил упатен до македонскиот и до албанскиот народ. Уште во почетокот на Прогласот се алудира во обидите на Султанот да донесе некакви реформи за смирување на Македонија и Албанија. Во врска со тоа нагласено е убедувањето да се остане во империјата на светиот Падишах, да се одбие секое надворешно мешање и да се настојува за подобрување на состојбата под султановиот суверенитет. За таа цел се предвидени и други мерки од Лигата[114]. Овој проглас по своето програмско настојување се разликува од претходните, назадува од голема степен во својата програмска концепција. Но, останува од интерес нагласувањето на заедничката борба и заедничките интереси и обрнувањето директно како до: македонскиот, така и до албанскиот народ.

Скоро во исто време во Лондон се јавува друг македонско-албански орган, секако близок до претходната Лига, познат како: „Комитет за автономија на Македонија и Албанија“ (Comité pour L'Autonomie de la Macédoine et de L'Albanie), кој од 10 мај 1902 година натаму го издава и својот весник: „Автономија“ (L'Autonomie). Од овој весник излегуваат пет броја. Во нив се третираат значајни пршања од тогашната положба во Македонија и Албанија и се истакнува концепцијата за нивно ослободување Оваа концепција во вид на проект се објавува уште во првиот број на весникот и тоа упатен до Султанот и до сите големи сили. Проектот го концептира прашањето за автономијата на Македонија и Албанија, а исто така и на други неослободени области во Османската империја во 12 разработени члена. Се предвидува создавање на автономни провинции но под директна власт на Султанот. Предвидени се и други подробности околу уредувањето на автономните управи и другите административни, воени и други прерогативи[115].

Во наведениов Проглас, а и од други дипломатски извештаи дознаваме во дека овој Комитет се замешале повеќе личности од македонско и албанско потекло, кои имале врска и со Лигата од 1898 година[116].

## IX.

МАКЕДОНСКО-АЛБАНСКИТЕ ВРСКИ не се изразувале само преку дејноста на лигите, туку тие се збогатувале и преку други форми.

[114] Види: (Вл. Ћоровић), Дипломатска преписка Краљевине Србије. Београд 1933, I, 259—262; Natonal Macedonian-Albanian League. Frèrec Macédoniens! Fréres Skiptares! London 1902 (London, British Museum); Х. Андонов-Полјански, Прилог., 86—87; M. Kodra, Die Verbindungen und die zusammenarbeit des macedonischen und albanischen Volkes von Anfang des XX J. b.s zum Ende der ersten Weltkrieges. — Македония и Македнцы в прошлом. Скопје 1970, 361—377.

[115] L'Autonomie No 1—5 (1902).

[116] Х. Андонов-Полјански, Еден проект за автономија на Македонија од 1903 година. — Разгледи II/14 (1955), 11—12. Ово потфат може да се надоврзи за односот на Европа како кон македонското, така и кон албанското прашање. Види: Л. Старова, Европски литературни обраќања., 54; Истиот Релации, 127—161; 227—241, 245—249.

Пред сè, потребно е да го истакнеме политичкото однесување на македонското национално-ослободително движење кон Албанија и кон борбата на албанскиот народ за национално и социјално ослободување.

Уште непосредно пред организационото оформување на ова движење Албанија и албанското прашање била присутна во теоретските концепции на македонските дејци. Имено, Спиро Гулапчев во еден свој труд од 1887 година ја изложува својата концепција за Балканска федерација и смета таа да биде составена од осум единици, меѓу кои: Македонија и Епиро-Албанија. Освен тоа, овој автор дури размислувал Македонија и Албанија да сочинуваат една целост[117].

Прашањето за Албанија и Албанците често било присутно и во македонските печатни органи. Така, во една статија на Коста Шахов објавена во весникот „Македонија“ од 28 октомври 1888 година, се говори за Албанците како мал, но храбар народ, кој организирано дејствувал. Се апелира на Албанците да им се подаде рака и да се дејствува здружено[118].

Поодредени становишта зазема македонското национално-ослободително движење. Всушност, со самотл оформување на ова движење и во целиот тек на неговото револуuионерно дејствување (1893—1912) се поаѓаше од универзална, широка платформа за опфаќање на сите онеправдани маси во револуuионерната борба. Тоа е присутно во програмската платформа како кај Внатрешната македонска организација (ТМОРО), така и кај македонските социјалисти, а во исто време и кај други македонски демократски обединувања. Така, во првиот челн на Уставот на ТМОРО од 1896 година се наведува за ставот на Организацијата да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско без разлика на народност[119]. Тоа, всушност и се спроведува во дело.

Сличен став имале и македонските соuијалисти. Тие правеле споредба со положбата и со борбата како во Македонија, така и во Албанија. Така, во првомајскиот проглас од 1897 год. се наведува дека покрај Македонија и од Албанија се слуша гласот на поробените, кои се бореле со непријателите на народот[120]. Тоа го констатира и: „Политическа свобода“, органот на македонските соuијалисти, во една своја статија од април 1898 година, истакнувајќи дека во Македонија и во Албанија траеле немирите[121]. Исто така и Македонското научно-литературно Другарство, кое подоцна се јавува во движењето (од 1902 г. натаму), секогаш поаѓале од Албанија при барањето правилно да се реши македонското прашање. Другарството во своите редови примало и Албанци[122].

---

[117] Гане Тодоровски, Претходниците на Мисирков. Скопје 1968, 34.
[118] Ibidem, 109.
[119] Љ. Лапе, Одбрани текстови II, 335.
[120] Историски Архив Комунистичке партије Југославије. Т. VI. Београд 1951 232; Одбрани статии за работничкото и соuијалистичкото движење во Македонија (1895—1914). Скопје 1962, 120.
[121] Одбрани статии., 69.
[122] Бл. Ристовски, Димитрија Чуповски., I, 241—246; II, 10,

Порано воспоставените контакти помеѓу македонските и албанските дејци сега добиваат нова содржина во револуционерната соработка. Оваа соработка била карактеристична во сите револуционерни реони. Така, македонскиот војвода Васил Чакаларов во 1893 година три месеци се криел во албанските предели (Девол). Тој говорел албански и во 1900 год. од конспиративни причини во Атина преговарал за снабдување со оружје за организирање на албанско востание. Всушност, оружјето било потребно за македонската организација[123]. Друг еден истакнат војвода, исто така од Костурско: Лазар Поп Трајков, кога во 1900 година лежел во корчанскиот затвор, осуден на две години поради револуционерна дејност, научил албански и се спријателил со Албанец по име Абдул од село Менкулјец. Последниов му ветил по излегувањето од затвор да му набави пушки за потребите на македонската Организација. Од своја страна Организацијата ќе помагала во зацврснувањето на албанската револуционерна Организација[124]. Во Дебар и Дебарско војводата Лука Џеров дејствувал да ги прошири врските со албанските дејци заради стекнување на поддршка[125]. Во Охридско социјалистот-војвода Никола П. Русински вовлекол во македонската Организација Албанци и соработувал со нив. Во Пишкупејо истиот придобил младинци—Албанци за делото. Во Костурско исто така биле воспоставени заемни допири. Во Битола Македонците и Албанците, долго време одржувале врски и соработувале[126]. Насекаде се чувствувала заемна соработка и разбирање. Од непомал интерес претставува и фактот дека една од актерките на аферата Мис Стон била Македонката Катерина Стефанова, која била мажена за албанскиот мисионер Григор — Цилка, од Корча, со кој заедно станале мисионери[127].

Идеологот и првенецот на македонското национално-ослободително движење: Гоце Делчев (1872—1903) во својата идеолошка концепција на ослободителната идеја поаѓал од поставката да ги обедини сите експлоатирани маси за борба против османската тиранија. Тој не правел разлика меѓу македонскиот народ и народностите во Македонија. На еден собир тој рекол: ,,Успехот на борбата ќе дојде со планска револуционерна работа, со која ќе им се наложиме на просветените Турци, Грци, Власи и Албанци, ќе ги убедиме дека ние искрено се бориме за прогресивно-културна држава, заснована на радикални и на социјални принципи во животот и тогаш тие доброволно ќе ни подадат братска рака, дружно ќе ја продолжиме борбата; тогаш ќе ги употребиме сите

---

[123] Освободителната борба в Костурско (до 1904). По спомени на Пандо Кляшев). София 1925, 34.

[124] Ibidem, 21—23.

[125] Гл. Тодоровски, Малореканскиот предел, Скопје 1970, 342—344.

[126] Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903). Скопје 1974, 219—220, 235, 230, 234.

[127] Л. Томов, Пленявеното на Мис Е. Стон и г-жа Катерина Стефанова-Цилка. — Ил. Илинден 9—10 (69—50)/1933/, 25. По ослободувањето Мис Стон се вратила во САД а К. Цилка заедно со својот сопруг се вратиле во Корча, каде продолжиле со просветна дејност. К. Цилка ја среќаваме во женското училиште во Корча од 1906 год. натаму. (Muzeumi historik i qytetit të Korçes). други податоци не добивме во Корча за натамошната судбина на семејството Цилка. (Корча, јуни 1980).

крајни средства и сами ќе извојуваме автономна слобода во Македонија, Одринско и Албанија"[128]. Овој свој револуционерно-демократски став го спроведувал во дело, како во организационата, така и во револуционерната акција во Македонија.

Заемната соработка нашла најсилен израз во ангажирањето на претставници од албанскиот народ во македонската револуционерна Организација и во нивната соработка во снабдувањето на оружје за потребите на револуционерното дело. Во неколку револуционерни реони на Македонија (Охридско, Костурско, Гостиварско, Дебарско, Кичевско, Струшко Битолско, и др.) била организирана планска соработка со организирани и неорганизирани претставници од албанскиот народ за снабдување и за пренесување на оружје за потребите на македонската револуционерна Организација. Тоа придонесло да се создадат блиски односи и соработка[129].

Оваа соработка најповеќе се изразила за време на Илинденското востание. Најпрвин, силен поттик бил даден со „Манифестот" на крушевските востаници („Крушевски Манифест"), во кој е содржана суштината на македонската борба во Илиндексото востание, за што се повикуваат и сите народности, меѓу нив и Албанците, да се присоединат кон борбата за национално и социјално ослободување[130]. Овој повик за реализирал во конкретната револуционерна активност. Воспоставените врски и допири помеѓу Македонците и Албанците сега продолжиле. Тоа се изразило во изразување симпатии кон македонското ослободително дело; во прикажување на заедничката борба; во вклучување на Албанци во македонскит востанички чети; во учество на востаничките акции; во користење на обете организациони територии; во противставување на османските повици за мобилизација во османската војска; и други примери на револуционерната солидарност и заемност[131]. Тоа нашло израз и во прифаќањето на македонските бегалци и револуционери во низа албански области по задушувањето на Илинденското вос-

---

[128] Х. Андонов-Полјански, Гоце Делчев и неговото време, 227.

[129] Види: Љ. Лапе, Снабдување на охридските револуционери со оружје до Илинденското востание. — Годишен зборник 4 (1951), 2—2 ; Гл. Тодоровски, Средби на зближување по Бистра. — Нова Македонија 27.VII.1959, 4; Х. Андонов-Полјански, Некои прашања од воената организација на македонското национално-револуционерно движење во предилинденскиот период. — Гласник )V/1—2 (1960), 99; Т. Симовски, За учеството на народностите во Илинденското востание. — Книга за Илинден. Скопје 1969, 189—202; Гл. Тодоровски, Настојувања на Внатрешната Организација за соработка со Албанците во Дебар и Дебарско- — Илинден 1903. Скопје 1970, 269—274; М. Пандевски, Националното прашање, 217—218; М. Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903. Скопје 1978, 230.

[130] Љ. Лапе, Одбрани текстови II., 247—289.

[131] Види: Костурско в Македонската революция. (Редакција: П. Дорев). София 1937, 13: И. Г. Сенкевич. Национально-освободительное движение., 55 (M. Grameno, Kryengritja Shqiptare. Vlorë 1926); Sh. Rahimi, Format e rezistencës së popullit shqiptar kundër sundimit turk gjatë viteve 1900—1903. dhe karakteri i tyre. — Përparimi 4 (1962), 212; М. Пандевски, Националното прашање., 222—223; Гл. Тодоровски, Настојувања., 224; E. Plana, Kosova., 185—186; Љ. Герасимов, Прилог кон прашањето за турските воени сили да се спротивстават на Илинденското востание. — Прилози за Илинден. II. 1978. Крушево 1979, 533; А. Близнаков, Епопејата на „Локвата" и „Вињари". — Прилози за Илинден II. 227.

тание[132]. Сето тоа покажува како во тој историски момент дошла до израз заемната македонско-албанска соработка. Меѓутоа, наспроти на тоа, имало појави на сосема друг однос кон македонското солободително движење од страна на конзервативните феудалните и реакционерните претставници на албанското ослободително движење. Од друга страна, одделни групи во служба на османската господаречка власт извршувале бројни злосторства над незаштитеното македонско население нарочно во западниот дел на Македонија.

## X.

ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ се воспоставувале нови односи во македонско-албанската соработка. Пред сè, тоа е времето на засиленото заинтересирање на европските империјалистички сили кон прашањето на Македонија и Албанија. Иако Албанија не била опфатена со Мирцтешката реформна програма (2.X.1903), империјалистичката политика се интересирала и за решавањето на албанското прашање[133]. Тоа не попречува македонско-албанските врски да добијат нови соодноси и тоа од прогресивните сили во обете земји. Тоа е времето на нова етапа како во македонското, така и во албанското национално-ослободително движење[134]. Во заемните односи се регистрирани нови активности и тоа во формирање на посебни ,,македонско-албански комитети" (Сараево, 1905)[135], и во други самодејности[135a].

Нов и значаен пункт во овие заемни односи претставува периодот на Младотурската револуција, кога македонското и албанското национално-ослободително движење настапуваат во нова фаза. Тоа е период на интезивирање на активностите кај обете движења. Но, и во овој случај ги зближуваат заедничките интереси и тоа особено за национално индивидуализирање и за самоуправа[136]. Тогаш се активирале со нови ангажмани дотогашните носители на заемните врски: И. Мажовски и неговите приврзеници. Во своите ,,Спомени" тој забележал дека сега албанските првенци му одговориле; дека ,,. . . нивниот народ е верен и пријателски настроен спрема Македонија"[137]. Освен тоа, друг албански првенец изјавил: ,,Нашата положба во Албанија е слична на положбата на Македонците. . . Се сеќаваме многу добро какви односи постое-

---

[132] Борбата в Костурско., 25, 135.

[133] Види: Х. Андоновски-Пољански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи. — Годишен зборник 8/1 (1955), 26—27 S. Stavro, The Albanian National Awakening., 204; Sh. Rahimi, Vilajeti i Kosovës. Prishtinë 1969, 106.

[234] Ш. Рахими, Формирањето на Комитетот за слобода на Албанија во Битола 1905 г. и неговата дејност. — Гласник XX/3 (1976), 103.

[135] Бл. Ристовски, Димитрија Чуповски II, 300.

[135a] Интересно е да се забележи дека според најнови податоци (H. Myzyri, Shkollat e para kombëtare shqipe (1887-korrik 1908). Tiranë 1978, 203—209) во Корча по 1900 година во училиштата покрај албанската историја се предавала во VI клас и македонска историја. (Klasa VI. — 4. Histori e Maqedonisë. — H. Myzyri, Op. cit. 209).

[136] Дипломат, Албанското възраждане. София 1909, 5.

[137] Т. Тодоровски, Спомените., 74.

ја пред неколку години меѓу нас и нашите соседи, особено меѓу нас и Македонците“[138]. Интересно е да се истакне дека во време на Младотурската револуција Јане Сандански патувал со мисија во Албанија за да воспостави врски со албанското национално-ослободително движење[139] .

Оваа соработка сега се изразила на разни начини: преку албанските клубови; преку македонската Народно-федеративна партија; преку албанските и македонските парламетарни пратеници во Отоманскиот Парламент; во учеството на Битолскиот конгрес; во одбрана на Уставот и борбата против контрареволуцијата; во соработката со Социјалистич ката федерација во Солун; и во други решавачки моменти од македонската и албанската историја, кои се опстојно разработени во историографијата[139].

Овие врски се раздвижуваат и по стекнувањето на албанската независност. Овој историски чин истакнатиот македонски деец Димитрија Чуповски го поздравува со песната: „На слободна Албанија“, која ја објавил во македонскиот орган: „Македонски Глас“ во 1913 година. Во песната прочувствено се поздравува албанската слобода и независност[140]. И во друг случај Д. Чуповски повторно истакнува дека: „Македонците историски и заедно со Албанците ја водела борбата за слобода“. Истиот го наведува фактот за постоењето на слободна Албанија, со што се внесувало уверување дека тоа ќе го постигне и Македонија[141]. Затоа и се бара да се дојде до: „Македонско-албански сојуз“[142]. Меѓутоа, прашањето на Македонија добива други релации, што настанале по Балканските војни, кога се разделува меѓу балканските буржоаски држави. Тоа има одраз и врз натамошниот развиток на македонско-

---

[138] М. Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908—1912). Скопје 1966, 414.

[138a] Податок од Хр. П. Тасев. (Сандански, 2. XII. 1974).

[139] Види: И. Гологанов, Младотурците и Албанците. София 1910; И. Г. Сенкевич, Младотурецкая революция 1908 года и албанское национальное движение. — Советское востоковедение 1 (1958); И. Г. Сенкевич. Освободительное движение., 91—146, Одбрани статии 172, 212; Т. Симовски, Активноста на „Federation“ и нејзините врски со балканските и другите социјалдемокрастски партии (1909—1918). — Гласник IX/1 (1965), 19; Димитар Влахов, Мемоари. Скопје 1970, 172; Манол Пандевски, Политичките партии., 208—288, 414; Гл. Тодоровски, Српските конзули во Македонија за Младотурската револуција од 1908 г. — Гласник IX/1 (1965), 193—203; М. Кодра, Младотурската револуција и албанското ослободително движење. — Гласник XII/1 (1968), 117—146; Истиот, Конгресите во Дебар, Елбасан и Битола — на албанското ослободително движење. — Гласник XIII/1—2 (1969), 105—117; A. Hadri, Rrethanat historike në kohën e Kongresit të Manastirit. — Gjurmime albanologjike 8/1 (1969), 7—12; H. Kaleshi, Një burim turk mbi kryengritjet Shqiptare më 1909—1912. — Gjurime albanologjike 1 (1961/1972), 297—334; Alfabeti i gjuhes shqipe dhe Kongresi i Manastirit. Tiranë, Univerziteti i Tiranës 1972, 44; B. Kondis, Greece and Albania. 1908—1912. Thessaloniki 1976, 36—45; Р. Неципи, Придонесот на семејството Киријази од Битола во преродбенското движење на албанскиот народ. — Развиток XVI/2 (1978), 158—168; Z. Cana, Lëvizja kombëtare shqiptare në Kosovë, 1908—1912. Prishtinë, 30—36, 67—70, 134—138, 153—157, 265, 273, 328

[140] Македонец (Д. Чуповски), На слободна Албанија. — Македонски Глас II/9 (1913). Скопје 1968, 249—250.

[141] Ibidem, 250.

[142] Ibid., 128—130.

албанските врски. Поконкретно, во време на периодот помеѓу двете светски војни, поради новата ситуација се создаваат нови соодноси. Заемните врски добиваат нови специфични форми, кои се изразуваат во разграничување на односите, потоа, во Македонија: во натамошно зближување во борбата за национално и социјално ослободување на македонскиот народ со албанската народност во Македонија и тоа преку организирањето на движењето од страна на Комунистичката партија на Југославија, која застана на чело на борбата на сите југословенски народи и народности за ново општество[143]. Тоа, најсодржајно и евидентно највозвишено се изрази во време на Народната и Социјалистичката револуција. Сето тоа имаше одраз врз меѓусебните врски. За да се реализираат тие во многу правци и во разнородни потфати[144].

---

[143] Види: П. Чаулев, Скупния (Албания). Цариград 1924, 5—49; И. Катарџиев КПЈ во Македонија до Обзнаната. Скопје 1961; Кочо Рацин, Стхови и проза. (Уредил Александар Спасов). Скопје 1961 (Националното прашање во Македонија, 25); А. Христов, КПЈ во решавањето на македонското прашање. Скопје 1962; А. Хадри, Албанска народност у Југославији од 1918 до 1941 године и њено учешће у НОБ Југославије. Из — историје Албанаца. Београд 1969, 187—210; Гл. Тодоровски и М. Кодра, КПЈ и народностите во Македонија во легалниот период ос 1919 до 1920 г. — Гласник XV/2 (1971), 155—164; History of ot the Party ot Labor of Albania. Tirana 1971, 15—21, 22—51; И. Катарџиев, Време на зреење. I—II. Скопје 1977, (I, 52, 76, 87, 241, 262, 287, 315, 346, 358, 414, 526 II, 90, 97).

[144] Види: Вл. Дедијер, Југословенско-албански односи (1939—1948). Београд 1949; Л. Колишевски, Аспекти на македонското прашање. Скопје 1962, 199—200; В. Ивановски, Партизанската организација на територијата на Македонија под италијанска окупација, април-ноември 1941. — Гласник X/2—3 (1966), 45 —67; Истиот, тиот, Западна Македонија во првите месеци по капитаулацијата на Југославија од 1941г.—Историја II/2 (1967), 40—48; Извори за Ослободителната војна и револуција во Македонија 1941—1945. Т. I. (Кн. I—VI). Скопје 1968—1979; А. Хедри, Народноослодилачка борба у Албанији и прве године послератног развитка. — Из историје Албанаца. 211—232 (Литература); М. Тодоровски, Комунистичката партија на Југославија во развивање на соработката со ослободителните движења на соседните народи на тлото на Македонија. — Историја V/2 (1970) 111—125; М. Карахасан, Меѓунационални односи помеѓу македонската нација и народностите во Западна Македонија имаат историски и педагошки значај во наставата и воспитувањсто. — I научин собир., 217—224; S. Vukmanović-Tempo, Revolucija koja teče. Memoari I—II. Beograd 1971; Вл. Брезовски, Ослободителната војна во Македонија во 1943. Скопје 1971, 17—19, 41—42, 53—54, 78, 108—109, 195—199, 201—203, 206—208, 215—216, 236—240, 344—345, 363—366; М. Тодоровски, Партизанскит одреди и Народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941—1944. Скопје 1972, 15—19, 78, 162—166, 179—186; Вл. Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941—1944. Скопје 1973, 14—38, 73—77, 91—92, 113, 138, 156, 163—165, 184—185, 215—218, 222—224, 260, 268, 283, —287, 30 ; В. Јаќоски, НОВ, Тито и КПЈ во албанската народна песна. — Македонски фолклор VI/11 (1973) 93—10 ; Хр. Андоновски, Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија. — Гласник XVIII/1 (1974) 59; М. Апостолски, Студии и статии. II. Скопје 1977, 10—15, 50—51, 109—113, 144—145, 172К175, 246, 255, 266; М. Кодра, Учеството на припадниците на албанската народност во проширувањето на слободните територии во Македонија. — Слободните територии во Македонија 1943. Скопје 1975, 137—154; Св. Вукмановиќ-Темпо, Вистината за Балканскиот Штаб. — Нова Македони а 21—23. 21—23.V.1980, 11.

* * *

ОВОЈ ЕСКУРС низ развитокот на македонско-албанските врски во минатото има за цел да се проследи овој интересен проблем. Се настојуваше да се даде акцент на најзначајните, најсодржајните пројави и најпозитивните резултати во меѓусебните односи. Се надеваме дека тоа да даде поттик за натамошно, уште постудиозно разработување на оваа споредбена тема.

Hristo Andonov-Poljanski

## KONTRIBUT MBI LIDHJET MAQEDONO-SHQIPTARE NE TE KALUAREN

(R e z y m e)

Në këtë punim autori bën përpjekje t'i trajtojë lidhjet maqedone dhe shqiptare gjatë shekujve. Që në fillim të punimit konstatohet cilësia dhe specificiteti i zhvillimit historik të maqedonasve dhe të shqiptarëve. Pikërisht, ky individualitet ka krijuar elemente të domosdoshme për bashkëjetesë dhe lidhje reciproke.

Rjedhën dhe dimenzionet e lidhjeve maqedono-shqiptare autori i sheh në linja të përgjithësuara që nga periudha antike deri në ditët tona. Përveç marrëdhënieve të theksuara në kohën e shtetit maqedonas të Aleksandrit të Maqedonisë, potencohen edhe lidhjet në kohën e mesjetës. Në këtë periudhë theks të posaçëm i ipet sundimit të Samoilit dhe të trashëgimtarëve të tij si dhe aspektit të lidhjeve të tyre me Shqipërinë. Këto lidhje përcillen deri në rënien e të dy vendeve nën sundimin osman. Këto marrëdhënie tani marrin forma dhe aspekte të reja dhe në mënyrë më eklatante në epokën e Skënderbeut, heroit të madh kombëtar të popullit shqiptar, lëvizja çlirimtare e të cilit u shpreh në Maqedoni. Maqedonia atëhere ndodhej në sferën e lëvizjes çlirimatare të Gjergj Kastriotit-Skënderbeut.

Lidhjet maqedono-shqiptare morën dimenzione të reja gjatë shekujve XVI—XVIII. Ato karakterizohen me shumë nduarshmëri dhe lidhje reciproke. Në shekullin XIX lidhjet ishin më përmbajtësore. Ato përfshinin aspekte të ndryshme: aspektin ekonomik, politik, në planin revolucionar, në sferën e arsimit e të kulturës dhe në sfera të tjera. Këto marrëdhënie janë më të forta, sidomos në kohën e Rilindjes, kur në veprat e rilindasve maqedonas prezentohen motive nga e kaluara shqiptare (Grigor Përliçevi etj).

Lidhjet më të forta ndërmjet maqedonasve dhe shqiptarëve u realizuan në lëvizjen çlirimtare të të dy popujve, edhe atë duke filluar që nga vitet gjashtëdhjetë të shekullit nëntëmbëdhjetë e deri në Luftërat Ballkanike. Evidente është sidomos veprimtaria e disa ideologëve maqedonas për krijimin e platformës së përbashkët revolucionare në lëvizjen çlirimtare (Stojan

Vezenkovi, Isaia Maxhoski etj.). Karakter përmbajtësor marrëdhëniet morën edhe në formimin e ligave të shumta maqedono-shqiptare (1887—1893—94, 1898, 1902). Këto marrëdhënie në kuptimin pozitiv u pasuruan edhe nëpërmjet formave të tjera të reja, edhe atë nëpërmjet të lëvizjes çlirimtare kombëtare maqedonase, në planin e bashkëpunimit revolucionar në periudhëa para, gjatë dhe pas Kryengritjes së Ilindenit. Moment i ri me rëndësi në marrëdhëniet paraqet periudha e Revolucionit të turqve të rinj, pastaj koha e Luftërave Ballkanike, periudha ndërmjet dy luftërave botërore në kohën e Revolucionit Popullor.

Në këtë punim janë theksuar marrëdhëniet më të rëndësishme dhe më përmbajtësore ndërmjet dy popujve, me qëllim që të vihen në pah faqet e ndritshme të bashkëpunimit të llojllojshëm gjatë historisë.